**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
www.mrt.com.mk

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 14-2046/1
18-12-2025 год
СКОПЈЕ

## Годишна инвестициона програма на ЈРП Македонска радио телевизија

Технолошкиот скок во 2013 година кога од аналогна технологија со уреди стари и по 30 години Македонската телевизија со голема инвестиција скокна директно во дигиталната ера со целосна обнова на техниката. Ова овозможи услови за продукција на програма со највисок квалитет.

Македонската телевизија стана технолошки лидер во опкружувањето и беше прв јавен сервис кој во целост прејде во HD формат во секој дел од продукцијата .

Но тоа беше пред повеќе од 12 години. Опремата што беше инсталирана има направено преку 100 000 работни саати. Таа сѐ уште работи, но има зголемена фреквенција на застои и трошоците за одржување се многу високи.

Денес, ризикот од критичен дефект е значително зголемен и можноста за прекин на сигналот е реален и поради тоа неопходно е навремено да се делува.

Светските трендови вклучуваат достапност и презентација на содржини на телевизор, паметен телефон, таблет, или компјутер. Технологијата овозможува:

- можност за преземање содржини и пристап до најнови содржини пред да се прикажат на ТВ
- преведена или синхронизирана содржина на македонски или друг јазик
- гледај било каде и во кое било време

Потребна е технологија која на корисниците им дозволува пристап-сега, ексклузивни наслови-сега, гледање на сите уреди-сега, интерактивни функции-сега, широк избор на жанрови-сега, и достапност на најнови содржини-сега.

Потребата од сега, веднаш, тука, share, like, view е правецот во кој треба да се движиме СЕГА.

За сето ова се потребни инвестиции во технолошки капацитети и обуки на вработените. Во однос на обнова на технолошките капацитети се мисли на технологија којашто има примеси на ВИ (вештачка интелигенција), уреди кои се базираат на софтвери со ВИ, камерни ланци и се што е потребно за работа на виртуелни сцени, роботизирани кранови и педестали за камери, следење, препознавање и маркирање на лица итн.

Придобивките од новите технолошки решенија се намалување на трошоците, заштеда во човечки ресурси, побрзо архивирање и пребарување, следење технички параметри и предвидување проблеми, мониторинг на сигнал или мрежа, решавање проблеми без потреба од човечки оператор, гласовно пребарување и детекција на јазик, автоматски титлови и преводи, мерење на ефикасност и ефективност итн.

МРТ како јавен сервис мора да се прилагоди на окружувањето во прогресивна периферија и 4К резолуција. Прифаќањето на стандардот ST2110 не е само можност за примање на содржините од светските настани и евровизиската размена, туку нуди и:

- подобро корисничко искуство
- поголема резолуција и појасна слика
- поголем реализам
- повеќе детали за креаторите на содржина
- поголема привлечност на програмските ТВ сервиси

# Годишна инвестициона програма на
# ЈРП Македонска Радио Телевизија

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **ОТТ платформа** |
| 2. | Предложена вредност | 600.000,00 евра вкупен нето износ на годишно ниво |
| 3. | Опис | Воведување на новина во преносот на програмските содржини до гледачите , ОТТ платформа на која ќе се следат сите програмски сервиси како и сите содржини од продукцијата на МРТ, без разлика дали се нови или архивски содржини во секое време кога гледачите тоа ќе посакаат.<br>Ваквиот начин на понуда на програмските содржини е нешто што веќе ја менува улогата на телевизијата и ги прави содржините пристапни на повеќе видови уреди (ТВ, компјутер,таблет,паметен телефон..) без временски и просторни ограничувања. |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | 6 (шест) рати во 2026 година<br>12 (дванаесет) рати евра во 2027 година<br>12 (дванаесет) рати евра во 2028 година<br>6 (шест) рати евра во 2029 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Надградба на системот за снимање, обработка и емитување на програма (Cinegy)** |
| 2. | Предложена вредност | 500.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Надградба на системот за снимање, обработка и емитување на програма (Cinegy) би се состоела од софтерска надградба, одење на понова верзија со подобри карактеристики како и хардверска надградба што претставува замена на веќе застарениот хардвер кој нема да соодветствува со новите верзии на софтверот |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 16 рати, од кои:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>10 (десет) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Замена на меѓустудиски интерком систем** |
| 2. | Предложена вредност | 200.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Замената на меѓустудиски интерком систем кој е од 1984 година одамна е предвидена и е следен чекор кој мора да се направи |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 16 (шеснаесет) рати од кои:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>10 (десет) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Камкордери со 2/3 сензор и соодветен објектив** |
| 2. | Предложена вредност | 80.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Набавка на нови сетови за снимање на поголеми проекти со поголеми технички побарувања , за поголем продукциски квалитет (камкордер со 2/3 сензор и соодветен објектив) |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се плати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Камерни ланци, набавка на 10 во 4К(UHD) резолуција** |
| 2. | Предложена вредност | 550.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Следни за замена во овој процес на обнова и осовременување на технолошкиот процес во МТВ секако би биле камерните ланци. Се предвидува набавка на 10 во 4К (UHD) резолуција (камера и статив) со што би се заокружиле продукциските потреби во сите студија и во репортажните возила |
| 5. | Договор | |
| 6. | Испорака | |
| 7. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 16 (шеснаесет) рати од кои:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>10 (десет) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Набавка на кранови и роботизирани стативи за камери (педестали)** |
| 2. | Предложена вредност | 500.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | - За да може да се добијат уште поголеми визуелни можности потребна е и набавка на камерен кран со должина на кракот од 10 или повеќе метри со интегриран систем за следење (tracking system) и далечинска контрола<br>- Роботизирани стативи за камери (педестали) овозможува далечинска контрола на движењето и работата на камерите во сите насоки и сите позиции во студиото. Ова значи дека еден оператор може да контролира повеќе камери на претходно уснимени сцени.<br>- Можност за префинети движења на камерата (фарови, зумови, лифтови итн) |
| 5. | Договор | |
| 6. | Испорака | |
| 7. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 16 (шеснаесет) рати од кои:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>10 (десет) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Централна матрица со периферна опрема** |
| 2. | Предложена вредност | 550.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Со замена на уредите низ студијата, следува и потребата за замена на централната матрица со поголем капацитет и со посовремени карактеристики |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 12 (дванаесет) рати кои ќе се платат во:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>6 (шест) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Набавка на посовремени графички станици** |
| 2. | Предложена вредност | 150.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Набавка на нови, посовремени графички станици за создавање и користење на графички елементи во слика при секојдневна обработка, при надворешна продукција (репортажни возила) и при емитување на програмски содржини на сите програмски сервиси на МТВ |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 12 (дванаесет) рати кои ќе се платат во:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>6 (шест) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Набавка на компјутери за канцелариско работење** |
| 2. | Предложена вредност | 100.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Набавка на комјутери за канцелариско работење за новинарите во радио и телевизијата за замена на веќе дотраените ( 200 парчиња ). |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се плати во 2026 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Дигитализација на технолошки процес во МРА** |
| 2. | Предложена вредност | 800.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Дигитализацијата на технолошкиот процес во МРА е приортет подолго време технологијата постојано се менува и овој процес мора да заврши со некое |

| | | |
|---|---|---|
| | | современо решение |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 16 (шеснаесет) рати од кои:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>10 (десет) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Реконструкција на системот за прием на сателитски сигнали** |
| 2. | Предложена вредност | 50.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Потребна е целосна реконструкција на системот за прием на сателитски сигнали (стационарни и подвижни антени, комбајнер) со што ќе се подобри квалитетот и доверливоста на приемот на сигналите преку сателит (спортски, културни настани ширум светот ) |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 12 (дванаесет) рати кои ќе се платат во 2028 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Набавка на 2 товарни комбиња за превоз на опрема во мобилна техника** |
| 2. | Предложена вредност | 70.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Набавка на 2 товарни комбиња за превоз на опремата во мобилна техника (камери, стативи,кабли и др) |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 16 (шеснаесет) рати од кои:<br>6 (шест) рати во 2026 година<br>10 (десет) рати во 2027 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Набавка на фотоволтаици** |
| 2. | Предложена вредност | 450.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Набавка на фотоволтаици – системи за производство на електрична енергија користејќи сончева светлина |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се подели на 12(дванаесет) рати кои ќе се платат во 2028 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Набавка на аудиомиксери за Репортажни возила** |
| 2. | Предложена вредност | 70.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Набавка на аудиомиксери – дигитален уред што собира повеќе аудиосигнали ги балансира, ги обработува и ги спојува во еден заеднички излез |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се плати во 2026 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Набавка на видеомиксер** |
| 2. | Предложена вредност | 55.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Набавка на видеомиксер – дигитален уред што овозможува комбинирање, прекинување и обработка на повеќе видеоизвори во еден финален сигнал за емитување или за снимање |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се плати во 2026 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Опис на проектот | **Реконструкција на објекти и работни простории** |
| 2. | Предложена вредност | 1.000.000,00 евра вкупен нето износ |
| 3. | Опис | Реконструкција на фасада, реконструкција на кров, делумно реновирање на канцелариски простории во објектот на Македонско редио и во Македонска телевизија, реновирање на тоалетите, замена на лифтови и поправка на климатизација |
| 4. | Договор | |
| 5. | Испорака | |
| 6. | Плаќање | Вкупниот износ да се плати на 16 рати од кои:<br>4 (четири) рати во 2026<br>12 (дванаест) рати во 2027 |

ВКУПНО ПОТРЕБНИ НЕТО СРЕДСТВА ЗА ЦЕЛИОТ ПРОЕКТ: **6.925.000,00 евра**

**Директор на Македонска телевизија**

**Захарија Вулгаракис**

**Директор на Македонско радио**

**Ајтен Власаку Мехмети**